Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 04-25/12
20.01.2023 год
Новаци

О Д Л У К А

за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2022 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на работно место УПР 01 01 B01 000 Советник за Електрична инфраструктура во проектите за економски развој, Одделение за комунални дејности, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР - 1 извршител, се избира кандидатот:

- **ИГОРЧЕ РИСТЕСКИ**

2. Градоначалникот на општина Новаци во рок од пет дена по конечноста на Одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 30.12.2022 г. веб страната на Општина Новаци и на Агенцијата за администрација, беше објавен Интерен оглас бр.01/2022 за унапредување на административен службеник во Општина Новаци, во кој беше објавено работно место УПР 01 01 B01 000 Советник за Електрична инфраструктура во проектите за економски развој, Одделение за комунални дејности, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04-25/8 од 09.01.2023 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви Записник бр.04-25/9 од 18.01.2023 година.

На ден 18.01.2023 година Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе интервју и состави Записник бр.04-25/10 од 18.01.2023 година и Финална ранг листа со интервјуираните кандидати со Предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати ,за работното место Советник за Електрична инфраструктура во проектите за економски развој, Одделение за комунални дејности, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР, Градоначалникот на Општина Новаци донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова Одлука може да се поднесе жалба преку Агенцијата за Администрација до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работни односи во втор степен во рок од 8(осум) дена од денот на приемот на Одлуката.

Република Северна Македонија Општина Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски